**Здружение на финансиски работници**
**на локалните самоуправи и јавните претпријатија**
**Association of finance officers**
**of the local governments and public enterprises**

Број: 0302-277
21.09.2021 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за јавни набавки
Сектор /одделение за финансии
Сметководство / правни работи / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Поедноставената отворена постапка и набавките од мала вредност се најчестите постапки што се користат во нашата земја. Тие ги спроведуваат сите договорни органи, од училиштата во најмалите општини до најголемите јавни претпријатија на централно ниво. За да се олеснат овие набавки, започнува со користење **Е-пазарот на набавки од мала вредност.** Бидејќи очекуваме голем интерес за овој нов систем, Здружението на финансиски работници со задоволство Ве поканува на работилницата на тема:

**„ПОДГОТВЕТЕ СЕ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИОТ ПАЗАР НА НАБАВКИ ОД МАЛА ВРЕДНОСТ"**

Работилницата ќе се одржи **на 5 октомври со почеток од 10.00 часот во Хотел „Романтик" на Велешко Езеро.**

Работилницата претставува континуитет на долгогодишната традиција на Здружението за одржување квалитетни обуки за јавни набавки. Учесниците ќе имаат можност **ЗА ПРВ ПАТ ПОДЕТАЛНО И ПРАКТИЧНО ДА ГО ВИДАТ ЕЛЕКТРОНСКИОТ ПАЗАР НА НАБАВКИ ОД МАЛА ВРЕДНОСТ.**

Дополнителна придобивка за секој учесник на работилницата е книгата **„ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ НИЗ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ"** кој со повеќе од 800 страници ќе ви помогне во секојдневното работење со јавните набавки и кој е вклучен во материјалите од работилницата.

Со задоволство го очекуваме присуството на претставници на единиците на локалната самоуправа, буџетски корисници, единки корисници, јавните здравствени установи, јавните установи, јавни претпријатија / јавно комунални претпријатија, акционерски друштва и други заинтересирани страни. На работилницата се добредојдени сите кои директно или индиректно се инволвирани во јавните набавки.

Нашите предавачи **м-р Александар Аргировски, м-р Марија Јованоска и м-р Горан Давидовски**, со своето долгогодишно искуство и експертиза во оваа област, се доволна гаранција дека може да очекувате исклучително квалитетна и корисна работилница.

Надоместокот за учество на работилницата, практичниот прирачник, работните материјали, кафе пауза и ручек по учесник изнесува само 7.450 денари со вклучен ДДВ, кој можете да го уплатите на име на:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Во функција на подготовка за работилницата, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети **Пријави** за учество на работилницата на e-mail: zfrlsjpv@t.mk или kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или наведените e-mail адреси.

Поради актуелната состојба со Корона вирусот Covid 19 и заштита на здравјето, максимално ќе бидат почитувани пропишаните мерки и протоколи.

Во очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата, Ви посакуваме добро здравје.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија ВЕЛЕС 2

Е. Камчева